Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Архивски бр. 08-1154/13
Датум 05-07-2024

# ЗАПИСНИК
# ОД УВИД ВО ОСНОВНИОТ СУД РЕСЕН

Комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник (во натамошниот текст: Надзорната комисија) на ден 23.04.2024 година во 12.10 часот, согласно Планот за надзор бр. 08-1154/3 од 26.03.2024 година, го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во Основниот суд Ресен.

Претходно, со писмо од 08-1154/7 од 12.04.2024 година Претседателот на Основниот суд Ресен беше известен за претстојниот надзор и беше доставен список на документација која треба да биде подготвена за увид.

Увидот во функционалноста на АКМИС-от започна со интервју на Претседателот на судот Емељ Кранли Али во врска со обврските предвидени со Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник. На претседателката на судот ова и е втор мандат од 29.12.2022 година, која и покрај обврските кои ги има како претседател, воедно суди и постапува по сите уписници во судот.

Во Основниот суд Ресен покрај Претседателката на судот има уште двајца судии од кои еден судија е делегиран во Основниот суд Прилеп веќе втора година. По систематизација се предвидени 4 судиски места. Претседателката на судот наведе дека не можат да формираат Кривичен совет во судот поради малиот број на судии и во тој случај бараат Апелациониот суд Битола да делегира судија.

Во судот вработени се двајца судски соработници, од кои една е на породилно отсуство, додека по систематизација се предвидени 4 работни места за судски соработници. За тековната година одобрено е едно вработување на стручен соработник. Во судот има двајца дактилографи, а немаат вработено сметководител и благајник, поради што платата ја прават во Основниот суд


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Битола. Претседателката на судот појасни дека секоја година бараат согласност за вработување на сметководител и благајник, поради тоа што е неопходно пополнувањето на овие работни места, но до сега не им биле одобрени овие вработувања. Во судот вработен е еден информатичар – техничар со средно образование.

Во судот има две судници од кои едната е опремена со опрема за тонско судење која е во функција и истата се користи во граѓанските предмети.

Во однос на архивата Претседателката на судот истакна, дека истата е средена и тековно се излачуваат предметите, но веќе снемува простор за чување. Од страна на судот во 2023 година предадена е трајна граѓа во Државниот архив на РСМ, додека дел од предметите кои се со поминати рокови за чување се поништени. Во судската архива исто така ги чуваат и нотарските предмети.

Во однос на е – доставата претседателката наведе, дека истата функционира и дека немаат проблем со прием од страна на адвокатите.

*ПРЕПОРАКА: Се препорачува Судскиот совет да изврши избор на еден судија во овој суд со цел совладување на обемот на предмети во судот.*

*Во судот да се одобри вработување на сметководител и благајник.*

**1. Одлуките за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2021, 2022 и 2023 година.**

Донесена е Одлука за формирање на Работното тело за управување со движење на предметите заведена под СУ-191/20 од 23.06.2020 година. Надзорната комисија беше информирана, дека се прави измена на одлуката само ако има персонални промени.

**2. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2021, 2022 и 2023 година по предлог на Работното тело**

Констатирано е дека Годишни планови за управување со предметите за 2021, 2022 и 2023 година се донесени и заведени под Су-01-5/22 од 17.01.2022 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

и СУ-01-5/23 од 01.02.2023 година, со анализа на работата во судот и предлог мерки за надминување на застојот во работењето.

**3. Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно за 2021, 2022 и 2023 година**

Надзорната комисија беше известена, дека претседателката на судот врши надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот и за истото се изготвуваат службени белешки.

**4. Извештаите на повисокиот суд за работата на Основниот суд Ресен за 2021, 2022 и 2023 година**

Претседателката на судот наведе, дека Апелациониот суд Битола направил работна посета во судот во 2023 година, но за истото сеуште не им бил доставен извештајот.

**5. Записници од одржани седници на месечно ниво и увид во записници**

Претседателката информираше дека секојдневно се состануваат со судијата и разговараат за предметите, за што од страна на записничар биле водени записници пишувани на рака во тетратка.

***ПРЕПОРАКА: За одржаните седници на месечно ниво да се изготвуваат записници и истите да се заведуваат во АКМИС***

**6. Организирани обуки и судски службеници за користење на АКМИС**

Тековни обуки за работење на АКМИС на ново вработените ги врши судскиот информатичар. Во судот нема организирана обука за користење на АКМИС за вработените во судот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

*ПРЕПОРАКА: Надлежните органи да преземат чекори во организирање на континуирана обука за ИКТ технологијата на информатичарите и другите вработени во судови.*

## 7. Судски администратор

Судот нема судски администратор, бидејќи е суд со основна надлежност.

## 8. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи, за контролираниот период

На барање на Комисијата доставена е Табела од АКМИС со список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи која се однесува на контролираниот период.

*ПРЕПОРАКА: Списокот на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи да се изготвува во форма на документ и истиот да биде заведен во АКМИС.*

## 9. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, исто за период од три последни години

Изготвени се Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС за контролираниот период и истите се заведени се СУ-01-4/22 од 17.01.2022 година и СУ-01-4/23 од 31.01.2023 година. Се почитуваат протоколите за работа во судот.

## 10. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат)

Во судот се формирани два судски оддели и тоа: граѓански и кривичен оддел.

## 11. Формиран оддел за судска практика во судот

Надзорната комисија беше информирана, дека за следење на судската пракса со годишниот распоред е задолжен судијата Никола Бундевски.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

**12. Годишниот распоред на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура за 2021, 2022 и 2023 година, дали се донесени до 31.12 во тековната година, колку пати се менувани и дали е запазена процедурата (мислење од седница на судии и достава до сите судии)**

Годишниот распоред на Основниот суд Ресен за 2021 година е донесен на 30.12.2020 година и заведен под Су-348/2020, за 2022 година е донесен на 30.12.2021 година и заведен под Су -423/2021. Годишниот распоред за 2023 година е донесен на 29.12.2022 година заведен под СУ-410/2022 од 29.12.2020 година и истиот е менуван еднаш СУ-49/23 од 31.01.2023 година.

Измените на годишниот распоред се со образложение на причините за измена и истите се вршени според членот 88 став (3) од Законот за судовите.

**13. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС**

Надзорната комисија беше информирана дека се организираат дежурства, месечни распореди за дежурства се изготвуваат и истите се испраќаат навремено до МВР- ОВР Ресен и ОЈО. Извршен увид во месечни распореди СУ бр.285/21 од 25.08.2021 година и СУ бр.88/23 од 28.02.2023 година.

**14. Простории за судии поротници и за адвокати**

Надзорната комисија беше информирана, дека во судот има една слободна просторија која што можат да ја користат судии поротници и адвокати.

**15. Огласна табла на судот**

Судот располага со огласна табла која е во функција и на видливо место.

**16. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети и негово физичко присуство**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Надзорната комисија беше известена, дека за АКМИС е задолжен Љуљзим Шахини ИТ – техничар, меѓутоа за истото не е донесена одлука. Задолженото лице беше повикано и со него лично разговараа членовите на комисијата околу различни аспекти за организацијата на АКМИС-от и неговата примена во судот.

Автоматска распределба и прераспределба на предмети се врши од страна на уписничарите во судот.

***ПРЕПОРАКА: Да се донесе Одлука за судски службеник кој е задолжен за АКМИС.***

**17. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети, за 2021, 2022 и 2023 година**

Претседателката на судот наведе, дека во судот немало исклучувања на судии од распределба на предмети, од причина што во судот има само двајца судии, и ниту еден не бил подолго време на боледување. Наведе дека судиите не ги исклучуваат од автоматска распределба на предмети ни за време на годишните одмори, ниту пак ако е отсутен подолго од 5 дена. Доколку се работи за итни предмети во време на користење на годишни одмори, итните предмети со одлука ги презема судијата кој во моментот е на работа.

**18. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување**

Членовите на надзорната комисија беа известени дека месечните извештаи на работното тело се доставуваат до претседателот на судот редовно. Во нив е дадена постапката за движење на предметите, старите предмети и дали е совладан приливот на предмети. Комисијата изврши увид во Су-01-39/21 од 17.11.2021 година, Су-01-23/22 од 03.06.2022 година и Су -01-41/23 од 20.11.2023 година и истите се уредно внесени во АКМИС.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

## 19. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2021, 2022 и 2023 година

Изземањето на судија се врши со Решение кое е образложено, по што претседателот на судот го доделува предметот на друг судија. Беше направен увид по случаен избор во неколку предмети СУ-ИЗЗ-20/22 од 04.07.2022 година, СУ-ИЗЗ-21/22 од 13.07.2022 година, СУ-ИЗЗ-1/23 од 09.01.2023 година, СУ-ИЗЗ-55/23 од 31.05.2023 година.

По предмети по кој постапува само еден судија распределбата се движи кон наведениот судија преку АКМИС. Од извршениот увид во решенија за изземање се констатира дека во изреката не се користи формулацијата предметот да се распредели преку АКМИС

Во случај на изземање на претседателката на судот одлучува Претседателот на Апелациониот суд Битола.

*ПРЕПОРАКА: Во Решението за изземање да биде назначено дека предметот се прераспределува преку АКМИС.*

## 20.Надзор над работата на нотарите

Претседателката на судот врши надзор над работата на нотарите, ги посетува нотарските канцеларии и за извршениот надзор се составени службени белешки. Исто така по потреба претседателката на судот одржува состаноци со нотарите.

## 21. План за годишен одмор на судиите, за 2021, 2022 и 2023 година

Претседателката на судот наведе дека на седница на судии се договараат за користење на годишните одмори и после тоа се изготвуваат решенија за користење на годишен одмор.

## 22. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

За време на увидот детално се проверени дел од уписниците од 2022 и 2023 година.

Во уписниците по кои постапуваат двајцата судии се вклучени во автоматска распределба, но постојат и уписници по кои постапува само судијата Никола Бундевски , и тоа: ВПП, ЗАВ, ИКП, ИПРК, ИПК, П3, КС, К-ПП, ППОВ, ОНАД, ВПП1, ПСО, КС-КР, П2, УО, ЗАМ-К,

Претседателот на судот Емељ Кранли Али постапува по следните уписници СУ, СУ-ИЗЗ, УПП, ЗАВ-Х, ЗАВ-С, ЗАМ-С, ИДС, КУИКП, РВПП, КР, ПРК-Р,СПИ. Забележани се по две распределби на ист датум во уписници, на пример 30.06.2021 година, 26.07.2021 година, 17.03.2022 година, 16.09.2022 година и 15.06.2023 година, 11.09.2023 година. Причината за ова е поради итност на предмети или поради направени грешки при работење во АКМИС систем (незнаење на човечки фактор).

*ПРЕПОРАКА: Распределба на предмети да се врши еднаш дневно*

Исто така, забележани се исклучување и вклучување на судија на ист ден 04.01.2021 година и 01.02.2023 година. Причина за ваквите вклучувања и исклучувања на судии од автоматска распределба е поради промена на Годишниот план за работа на судот за тековната година.

## 23. Сите одлуки за рачна распределба на предмети, од АКМИС за 2021, 2022 и 2023 година

Претседателот на судот ги извести членовите на Надзорната комисија дека нема одлуки за рачна распределба на предмети.

## 24. Преглед на информатичката опрема со која располага судот.

На Надзорната комисија и беше доставен на увид список на ИТ опрема со која располага Основниот суд Ресен. Бевме информирани дека во 2023 година е доставен еден нов сервер кој целосно ги задоволува потребите во судот. Останатата информатичка опрема е сосема солидна, обновена во текот на


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

претходните години и истата може да одговори на потребите за непречено работење на судот.

**25. Скенирање на влезни документи**

Надзорната комисија беше информирана дека влезните документи во Основниот суд во Ресен се скенираат, односно дека сета документација се скенира.

**26. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник**

Надзорната комисија беше информирана дека распределбата на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 14.00 часот. Итните предмети се распределуваат веднаш.

На денот на надзорот немаше нераспределни предмети со датум на внес постар од тековниот. Предметите редовно електронски се праќаат до судиите.

**27. Објавен број на анонимизирани судски одлуки на судски веб порталот во однос на вкупен број одлуки донесени во судот**

Надзорната комисија беше информирана дека во судот се објавуваат анонимизирани одлуки на судскиот веб портал и тоа: во 2021 година се објавени 184 анонимизирани одлуки, во 2022 година се објавени 190 анонимизирани одлуки и во 2023 година се објавени 142 одлуки.

**28. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Надзорната комисија беше информирана, дека електронското прифаќање на предметите од страна на судиите се врши редовно.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

## 29. Уписници што се водат во хартиена форма

Надзорната комисија беше информирана, дека во судот уписниците се водат во само во електронска форма.

Увидот заврши на ден 23.04.2024 година во 15:15 часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk